**Извршител Саветка Георгиева Струмица**
**Предмет: И.бр. 348/2017**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање второ по ред на недвижности означени како:

**1. Комплекс на административни, деловни и магацински објекти во сопственост на Струмица Табак АД Струмица на ул.Ванчо Китанов бр.1 во Струмица запишан во Имотен лист број 5636 КО Струмица.**

Објектите се во една градежна парцела КП бр. 770 за КО Струмица во заеднички двор и се функционално поврзани помеѓу себе.

Вкупната функционална површина на објекти со право на сопственост и легален статус е **37.586 м².**

Вкупната површина на земјиште под зграда и дворно место со право на сопственост е **20.286 м².**

Објектите преставуваат комплекс со административна и деловни намена како и магацински објекти со помошни простории. Објектите се во употребна состојба.

Објектите се наоѓаат во станбена зона на град Струмица во еден комплекс од сите четири страни заобиколен со улици, со главен влез од јужната страна што е контролиран и со посебна портирница, а од ул. Беласица постои посебен влез за пристап до откупната станица.

Постарите објекти се изградени од бетонска конструкција покриени со кров од керамиди или салонитни табли. Столаријата е дрвена. Подовите се обработени во зависност од намената на објектот така да во магацинските простории има цементна кошулка, во административната зграда има паркет, а во ресторанот со кујна има керамички плочки. Внатрешната малтарија е изведена во целост како и фасадата. Електричната инсталација е целосно изведена, комплетно е изведена водоводна и канализациона инсталација во санитарните јазли комплет со санитарни елементи. Во административниот и ресторанскиот дел е изведено централно topловодно греење со радијатори.

Во делот за обработка на тутун изведена е инсталација за развод на пареа која се добива од котли за производство на пареа сместени во котлара.

Објектите се во добра состојба и функционираат во целост, освен старата административна зграда која не е во функција.

Новите објекти се изградени од армирано-бетонска конструкција и челична конструкција затворени со алу-панели.

**<u>Почетната вредност на недвижноста е утврдена на износ од 481.406.963,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.</u>**

**2. Комплекс на административни и деловни објекти во сопственост на Струмица Табак АД Струмица на ул.Никола Карев бр.ББ во Кочани запишан во Имотен лист број 4453 за КО Кочани.**

Објектите се во една градежна парцела на КП бр.15077/1 во заеднички двор и се функционално поврзани помеѓу себе.

Вкупната функционална површина на објектите со право на сопственост и легален статус е **13.471 м²,** деловни згради со површина **12.938 м²** и административна зграда со површина **533 м².**

Вкупната површина на земјиште со право на користење е **17.936 м²,** дворно место со површина **8.632 м²** и површина под објекти **9.304 м².**

Објектите преставуваат комплекс со деловна и административна намена. Објектите се со катност Пр, Пр+1 и Пр+2.

Објектите се изведени од различна констукција-масивна, камен, полна тула, дрвена конструкција и нивна комбинација. Исто така користени се различени материјали на градба на надворешните и внатрешните ѕидови, подови, плафони, столарија, фасада и кров како камен, полна тула, делумно малтерисани, делумно со фасада, дрвена и метална конструкција и сл.

**<u>Почетната вредност на недвижноста, е утврдена на износ од 101.946.503,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.</u>**

Продажбата ќе се одржи на ден **04.12.2017 година во 12:00 часот во просториите на извршителот Саветка Георгиева од Струмица** на ул. Ленинова ГТЦ Бр. 14/1-13.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот Саветка Георгиева од Струмица со бр. 300030000098247 депонент на Комерцијална Банка АД Скопје и даночен број МК5027006113099.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач-купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 (петнаесет дена) од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а од положената гаранција ќе се сметаат за налпатени средства во извршувањето.

**Напомена: Целокупниот недвижен имот од оваа постапка и Опремата за преработка на тутун која се продава во постапката која се води под И. Бр. 349/2017, се продаваат исклучиво во пакет, како една производствена функционална целина.**

Слики од објектот во Струмица:

**Објект-1**









**Објект-2**





**Објект-3**





**Објект-4**





**Објект-5**





**Објект-6**





**Објект-7**







**Објект-8**





**Објект-9**





**Објект-10**





**Објект-11**



**Објект-12**



**Објект-13**



**Објект-14**



**Објект-15**



**Објект-16**



Слики од објектот во Кочани:




















За подетални информации лица за контакт:


Раде Орџановски 02/3167-657; e-mail: Rade.Orgjanovski@ob.com.mk

Димче Маркоски 02/3167-621; e-mail: Dimche.Markoski@ob.com.mk

Ана Димоска Јанкуловска 02/3167-710; e-mail: Ana.DimoskaJankulovska@ob.com.mk